Enhancing Lifelong Learning through Modernizing the Vocational Education and Training and Adult Education Systems

Operational Programme Human Resources Development 2007-2013 IPA Component IV

Project Reference Number : EuropeAid/135834/IH/SER/MK

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

# 2016 - 2020

**Скопје, 2016 година**

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ОВ | Образование на возрасни |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |
| АМПТ | Активни мерки на пазарот на труд |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЕКССОО | Европски кредит-систем за стручно образование и обука |
| ЕРОКСОО | Европска рамка за осигурување на квалитетот во СОО (претходно ЕРРОК) |
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| ЕФО | Европска фондација за обука |
| ЕРК | Европска рамка на квалификации |
| ЕУ | Европска унија |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ВО | Високо образование |
| ОАЕВО | Одбор за акредитација и евалуација на високото образование |
| ВСС | Виша стручна спрема |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| ДУ | Доживотно учење |
| ПТ | Пазар на труд |
| МИЕ | Мониторирање и евалуација |
| МЕ | Министерство за економија |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МФ | Министерство за финансии |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НРК | Национална рамка на квалификации |
| МРК | Македонска рамка на квалификации |
| НАЕОПМ | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| НФИФУ | Неформално и информално учење |
| ОГУ | Отворени граѓански универзитети за доживотно учење |
| ОК | Осигурување на квалитет |
| РМ | Република Македонија |
| СО | Средно образование |
| ДИЦ | Државен испитен центар |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ПОП | Посебни образовни потреби |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| СОО | Стручно образование и обука |
| ВНФИФУ | Валидација на неформално и информално учење |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локална самоуправа |

**Благодарност**

Авторите на Стратегијата за образование на возрасни би сакале да ја искористат оваа можност за да им упатат благодарност на институциите и поединците коишто имаа активно учество во истражувањето извршено како дел од оваа студија и дадоа значаен придонес кон нејзиното формулирање.

## Содржина

**1. ОСНОВА ........................................ 5**

**1.1. Зошто е потребна посебна Стратегија за образование на возрасни ........ 5**

**1.2. Меѓународни политики за образование на возрасни ........ 6**

**2. ПРЕДИЗВИЦИ ........................................** Error! Bookmark not defined.

**2.1. Демографска и образовна структура на населението ........ 9**

**2.2. Економски предизвици ........ 10**

**2.3. Атрактивност и учество ........ 12**

**2.4. Политики ........ 16**

**2.5. Управување во областа на образованието на возрасните ........ 21**

**2.6. Финансирање ........ 25**

**2.7. Релевантност ........ 25**

**2.8. Квалитет во образованието на возрасни ........ 27**

**2.9. Наставници / Обучувачи / Андрагози ........ 27**

**3. Оценување на влијанијата на Стратегијата за образование на возрасни 2010 - 2015 година ........ 28**

**4. Стратешка рамка ........ 29**

**4.1 Водечки принципи ........ 29**

**4.2 Визија и цели на Стратегијата ........ 31**

**5. Приоритетни цели за 2016 - 2020 година ........ 32**

**Цел. 1. Подобрување на привлечноста на и учеството во образованието за возрасни ........ 33**

**Цел. 2. Воспоставување на систем за осигурување на квалитет во рамките на образованието на возрасни ........ 33**

**Цел 3. Развој на систем за признавање на претходно учење ..........35**

**Цел. 4. Подобрување на организацијата, управувањето и финансирањето на образованието на возрасни ..........36**

**Цел 5. Воспоставување на систем за јавно образование на возрасни преку реформирање на јавните образовни институции за образование на возрасни Отворените граѓански универзитети за доживотно учење/Работнички универзитети ..........37**

**Цел. 6. Јакнење на истражувањето, експертизата и развојните проекти во областа на образование на возрасни ..........38**

**Цел. 7. Подобрување на партнерствата во областа на образование на возрасни ..........40**

**Цел. 8. Следење и евалуација на образованието на возрасните ..........41**

**6. Ефикасна и ефективна имплементација на Стратегијата и Акциониот план за образование на возрасни ..........43**

**7. Фази во имплементацијата на стратегијата ..........43**

**7.1 Претставување и дисеминација на стратегијата за образование на возрасни ..........43**

**7.2 Имплементација на стратегијата за образование на возрасни ..........44**

**7.3 Следење на имплементацијата на стратегијата за образование на возрасни ..........44**

**7.4 Среднорочен преглед на имплементацијата на стратегијата за образование на возрасни ..........45**

**7.5 Оценување на имплементацијата на стратегијата за образование на возрасни ..........45**

**8. Референци ..........45**

# 1. ОСНОВА

## 1.1. Зошто е потребна посебна Стратегија за образование на возрасни

Во изминатите неколку децении, системите за образование и обука на возрасни во Европа се ставени под силен притисок за модернизација. Покрај економската, културната, еколошката и политичката глобализација, новиот животен стил и технолошките иновации донесоа брзи животни промени, промени во областа на трудот, видовите на работни места во националните економии, постојано менувајќи ја побарувачката за нови животни вештини и нови квалификации. Културните размени и политичката соработка, отворениот пазар и миграцијата ги зголемија можностите за живеење и работа во рамките на и помеѓу земјите, а комплексноста на побарувачката за нови животни и работни вештини започна да врши драматично влијание и да ја обликува структурата, организацијата и содржината на образованието и обуката на возрасни.

Денешната глобална политичка и економска криза иницираше и се очекува да продолжи да врши дополнителен притисок на образованието и обуката на возрасни. Степенот до кој системите за образование и обука на возрасни се способни да одговорат на нивните нови улоги и задачи ќе зависи првенствено од образовните политики, способноста и подготвеноста за имплементација на најдобрите решенија и способноста за ефикасно искористување на ресурсите и капацитетите коишто стојат на располагање во земјите во Европа и во светот. Оваа задача претставува огромен предизвик за Република Македонија.

Паралелно со потребата за подобрени економски, социјални, еколошки и политички интервенции, земјата се соочува и со предизвици за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието и обуката на возрасни. Се прават напори за хармонизирање на овој образовен систем со стандардите што се применуваат во земјите од ЕУ и негово адаптирање кон истите.

Динамиkата nа промені во модерното општество е толку интензивна што е потребно постојано следење на ситуацијата и брза реакција на новонастанатите потреби за нови области за живот и работа. Меѓусебната зависност на социјалните, културните и економските аспекти наложува потреба од развој на соодветен систем за предвремено предупредување и планирање со кој ќе се врши оценка на влијанието на новата образовна понуда на пазарот на учење и ќе се евидентираат и навремено ќе се одговори на повратните информации обезбедени од страна на корисниците на образование и обука за возрасни, работодавачите, универзитетите, училиштата и други чинители. Развојот на ефикасен и функционален систем за образование и обука на возрасни е од исклучително значење за ефективното и ефикасното остварување на овие цели.

Создавањето можности за продолжување на учењето за возрасните и за подобрување на нивните вештини и капацитети е од витално значење за секоја

земја, вршејќи влијание на нејзиниот економски развој, активното учество на луѓето во заедниците и граѓанското општество, негувањето на поддршка и почит кон културниот дијалог, креативноста и имагинативноста на младите и возрасните, почитта кон и заштитата на животната средина, зајакнувањето на статусот на учењето и знаењето и негувањето на вредностите на културата на живеење.

Инвестирањето во образованието на возрасни е целисходно за поединците, заедницата и општеството во целина.

## 1.2. Меѓународни политики за образование на возрасни

XXI век го одбележа почетокот на нов период во историјата на човештвото – период на конкуренција во знаење и учење. Во контекстот на општо прифатениот став дека знаењето е основна производствена сила во општеството и најсилниот предуслов за успех, земјите во Европа и пошироко го промовираат образованието на возрасни како важна компонента од нивните образовни системи.

Препознавањето на огромната важност на образованието и учењето на возрасни и нивната улога во модерниот живот станува сè поприсутно во развојните стратегии на земјите од Европската унија, како одговор на препораките од Договорот од Лисабон и ЕУ документите.

Лисабонската стратегија направи спојка помеѓу успешната транзиција на земјите во кои постојат економии и општества базирани на знаење со концептот на доживотно учење. Европските системи за образование и обука беа промовирани во еден основен облик од кој би требало да започнуваат промените, поради што тие треба да бидат прилагодени. [1] Како резултат на таквите иницијативи и искуства во сите земји во Европа, во 2000 година, Европската комисија усвои шест основни пораки коишто служат како патоказ при создавањето на развојни програми за образованието на возрасни и доживотното учење:

1. Загарантиран универзален и континуиран пристап до учење со цел стекнување и обновување на вештините што се потребни за одржливо учество во општество базирано на знаење;
2. Видливо подигнување на нивото на инвестиции во човечките ресурси со цел да се стави приоритет на најдрагоценото средство со кое располага Европа – а тоа се луѓето;
3. Развој на ефективни методи на настава и учење и контексти за континуитет на доживотното учење и учењето во пошироки животни контексти;

[1] Советот на Европа, Лисабон, 2000

4. Значително подобрување на начините на кои се разбираат и вреднуваат учеството во учењето и резултатите, особено во однос на неформалното и информалното учење;
5. Осигурување дека сите можат лесно да пристапат до квалитетни информации и совети во врска со можностите за учење во рамките на Европа, во текот на целиот живот;
6. Обезбедување можности за доживотно учење што е можно поблиску до учениците, во нивните заедници и со поддршка преку капацитети базирани на ИКТ на места каде што тоа е возможно.[2]

Шестата меѓународна конференција за образование на возрасни (Confintea VI), одржана во декември 2009 година во Белем (Бразил) беше посетена од страна на 154 земји кои ги презентираа своите национални извештаи. Таков извештај беше подготвен и од страна на Република Македонија.

Севкупната цел на Confintea VI беше да се хармонизира учењето и образованието на возрасните со другите меѓународни образовни и развојни агенди и да се изврши интеграција на ова образование во националните секторски стратегии, преку реализација на следните цели на конференцијата:

- да се поттикне препознавањето на учењето и образованието на возрасни како важен елемент и фактор којшто придонесува кон доживотно учење, чијшто темел е писменоста;
- да се истакне клучната улога на учењето и образованието на возрасни за реализација на постојните меѓународни образовни и развојни агенди (EFA, MDGs, UNLD, LIFE и DESD); и
- да се обнови политичкото темпо и заложба и да се развијат алатки за имплементација со цел да се направи чекор од реторика кон дејствување.

Конечниот документ, познат како „Рамка за активности од Белем“ ги содржи препораките од конференцијата и показателите за мерење на напредокот кон нивна реализација. Клучните препораки се следните:

(а) осигурување сите анкети и збирки на податоци да ја препознаваат писменоста како континуитет;
(б) да се развие план со јасни цели и рокови за соочување со овој предизвик врз основа на критичните оценки на остварениот напредок, соочените пречки и идентификуваните слабости;
(в) мобилизирање и зголемување на внатрешните и надворешните ресурси и експертиза за спроведување програми за писменост со поширок обем, опсег, покривање и квалитет за негување на интегрални и среднорочни процеси, со цел да се осигури поединците да остварат одржлива писменост;
(г) развој на обезбедување на писменост коешто е релевантно и адаптирано на потребите на учениците и води до функционално и одржливо знаење, вештини и компетентност на учесниците обезбедувајќи им моќ да

[2] Европска комисија:Меморандум за доживотно учење, Брисел, 30.10.2000

продолжат како доживотни ученици чиешто остварување е признаено преку соодветни методи и инструменти за оценка;

(д) фокусирање на активностите за писменост на жените и сериозно загрозените групи население вклучувајќи го домородното население и затворениците, со севкупен фокус на руралното население;

(ѓ) воспоставување на меѓународни показатели цели за писменост;

(е) систематско прегледување на и известување за напредокот, меѓу другото и во однос на инвестициите и адекватноста на ресурсите од аспект на писменоста во секоја земја и на глобално ниво, по пат на опфаќање на посебен дел во рамките на Извештајот за глобално следење на Образование за сите;

(ж) планирање и имплементирање на континуиран развој во поглед на образованието, обуката и вештините како дополнување на основните вештини за писменост поддржано со богата литературна средина.

Политиката на Европската унија, преку имплементацијата на методот на отворена координација е утврдена на начин што ги поддржува националните политики во образованието на возрасни и „правилник“ за утврдување мерки за постапување со вообичаените предизвици, како: недостаток на вештини, разлики во потребата од нови вештини на пазарот на труд и животот воопшто, квалификациите, пазарната конкуренција, староењето на населението, мигранти и слично.

Важноста којашто ЕУ ја придава на образованието на возрасни и доживотното учење најдобро може да се увиди во Стратегијата „Европа 2020“ којашто, меѓу другото, ги утврдува четирите заеднички цели со кои земјите од Европа мора да се справат и да ги остварат до 2020 година:

- Доживотното учење и мобилност да станат реалност;
- Да се подобри квалитетот и ефикасноста на образованието и обуката;
- Да се промовира еднаквост, социјална кохезија и активно граѓанство;
- Да се зголеми креативноста и иновативноста вклучувајќи го и претприемништвото, на сите нивоа на образованието и обуката.

Новата стратегија на ЕУ очигледно исто така утврдува и конкретни стандарди коишто земјите-членки треба да ги достигнат до 2020 година. Помеѓу другите цели, тие утврдуваат дека најмалку 15% од населението треба да учествува во доживотно учење и дека најмалку 40% од населението на возраст од 30 до 40 години треба да има завршено некаква форма на високо образование.

Очигледно, преовладува ставот дека учењето и образованието не се само право и обврска на секој поединец, туку и потреба за сите да можат да ги остварат како личните, така и општите цели.

На 3.8.2015 година во Њујорк, 193 држави членки на Обединетите Нации се договорија за новата глобална развојна агенда, т.н. „Цели за одржлив развој“ (Sustainable Development Goals – SDGs). Тие ги наследуваат Милениумските развојни цели, кои беа договорени во 2000 година, со важност до 2015 год.

Целите за одржлив развој опфаќаат Каталог со 17 цели и вкупно 169 потцели. Главната цел е да се победи сиромаштијата во светот до 2030 година, да се обезбеди благосостојба за сите а воедно да се заштити планетата од климатските промени. Образованието, а посебно холистичкиот пристап кон образованието и доживотното учење играат клучна улога во достигнувањето на овие цели. Република Македонија е потписник на новата Развојна агенда 2030 и има обврска да ги спроведува предвидените цели.

Периодот на транзиција донесе голем број на предизвици за Република Македонија, условени како надворешно од процесите на глобализација во Европа и во светот, така и внатрешно од политичката, економската и социјалната транзиција. Сите тие се одразуваат и на образованието, а особено на образованието и учењето на возрасните.

## 2.1. Демографска и образовна структура на населението

Последниот попис од 2002 година и периодичните извештаи од Државниот завод за статистика[3] и од ресорните министерства[4] ги даваат следните демографски индикатори:

- Во Република Македонија живеат 2.069.172 жители од кои 1.036.518 се од машки (50,09%) а 1.0326.54 од женски пол (49,90%);
- Етничката структура во Македонија е како што следува: 64,17% се Македонци, 25,17% Албанци, 3,5% Турци, 2,66% Роми, 0,48% Власи, 1,78% Срби, 0,84% Бошњаци и 1,04% припаѓаат на други етнички групи;
- Од 1762 населени места, само 34 се од урбан карактер, при што 57,8% од вкупното население е концентрирано таму, а приближно 30% од вкупното население во земјата живее во градот Скопје. 141 рурални населени места се целосно иселени, а со слична судбина се соочуваат уште дополнителни 455 населени места;
- Стапката на наталитет во 2014 година изнесуваше 11,4 (живородени деца на 1 000 жители), при што бројот на живородени се зголеми во споредба со претходната година за 458 или за 2,0%;

---

[3] Државен завод за статистика, Процени на населението според полот и возраста, по општини и по статистички региони (НТЕС3-2007 година), 30.06.2014 и 31.12.2014 година

[4] Државен завод за статистика, Годишен извештај, Скопје 2004/05/06/07; Европска фондација за обука, Извештај за пазарот на трудот за Република Македонија, Скопје, 2005; Државен завод за статистика, Преглед на пазарот на трудот, Скопје 2004/06; UNDP, Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели, 2005 година;

- Како резултат на намалувањето на стапката на наталитет и зголемувањето на општата стапка на смртност во последните 10 години, стапката на природен прираст се намали од 2,7‰ во 2004 година на 1,9 ‰ во 2014 година;
- Стапката на учество на младото население (0-14) во 2014 година беше 16,8%, а на населението на возраст од 65 и повеќе години беше 8,15% во 1991 година, 8,5% во 1994 година, 10,57% во 2002 година, 11,2% во 2006 година и 16,8% во 2014 година;
- 38,32% од населението на возраст над 15 години има незадоволително образование (2,03% се без образование, 5,75% се со незавршено образование, а 30,54% имаат завршено само основно образование). Од останатото население, 6,16% имаат завршено 3-годишно, 39,49% 4-годишно средно образование, само 2,45% имаат вишо, а 13,57% имаат високо образование.[5]

Нискиот степен на образование на населението и високата стапка на напуштање на образованието беа причина Владата во 2006 година да го направи средното образование задолжително. Покрај тоа, Владата ги зголеми средствата за образование, кои во 2008 година достигнаа 5,9% од БДП.[6] Но сепак, треба да се спомене дека поголемиот дел од овој буџет се троши за исплата на плати.

## 2.2. Економски предизвици

Во тековнава деценија, поради намалување на порастот на населението, зголемувањето на возраста за пензионирање и зголемување на очекуваниот животен век на населението, активното население во светот се зголеми за 600 милиони лица на глобално ниво.[7] Ова е особено видливо во развиените земји.

Во Табела 1 е даден преглед на овој тренд во Република Македонија. Активното население се зголеми од 77,97%[8] во 2002 година на 80,99% во 2015 година.[9]

Таб. 1 Активно население

| Година | Население | Активно население | Мажи | Жени | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 2 070000 | 1676659 | 839094 | 837566 | 80.99 |

[5]Државен завод за статистика, Преглед на пазарот на трудот, Преглед за 2015 година, 2.4.16.02 /843
[6]Извештај на Министерство за финансии од 03.10.2008 година.
[7]УНЕСКО(2012): Трансформација на техничкото и стручното образование и обука, Градење вештини за работа и живот, Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура, Париз 2012 година
[8]Попис од 2002 година
[9]Република Македонија, Државен завод за статистика: Анкета за работна сила - 2015, Статистички преглед:Население и социјални статистики, Скопје, мај 2016 година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 2 067000 | 1673495 | 837232 | 836263 | 80.96 |
| 2013 | 2 064000 | 1672460 | 837445 | 835015 | 81.03 |
| 2012 | 2 061000 | 1669966 | 835287 | 834679 | 81.03 |
| 2011 | 2 058 539 | 1 656 215 | 828 288 | 827 927 | 80.45 |
| 2010 | 2 055 004 | 1 648 522 | 824 393 | 824 129 | 80.21 |
| 2009 | 2 050 671 | 1 638 869 | 819 487 | 819 382 | 79.92 |
| 2008 | 2 046 898 | 1 633 341 | 816 772 | 816 569 | 79.79 |
| | | | | | |
| 2002 | 2 022 547 | 1577001 | 781270 | 795731 | 77.97 |

Извор: Попис од 2002 година; Анкети на работната сила 2008, 2009, 2010, 2011, 2016

Зголемувањето на учеството на постарото население во работната сила е очигледно, со што силно се промовира важноста на образованието на возрасните и потребата неформалното образование да се интегрира во целокупниот образовен систем. Од друга страна, во процесот на создавање на нови работни места и вработувања се присутни проблеми, особено во случајот на возрасните коишто ги загубиле своите работни места или се враќаат на пазарот на трудот.

Анкетата на Светската банка помеѓу работодавачите во однос на побарувачката за вештини (2010) покажа дека луѓето кои бараат работа ги немаат вештините коишто се очекуваат од страна на работодавачите. Работодавачите продолжуваат да се соочуваат со потешкотии при ангажирањето на работници со вештини коишто тие ги бараат, особено работници коишто поседуваат вештини од повисоко ниво што се потребни за новосоздадените работни места, за повеќето од кои се бараат немануелни вештини од високо и средно ниво. Неодамнешната Студија за конкурентност на Светската банка (2012) утврдува дека недостатокот на квалификувана работна сила во Македонија е клучна пречка за извозната индустрија и севкупната конкурентност на земјата. Проценката исто така покажува дека растот и профитабилноста на фирмите, особено малите и средни претпријатија (МСП), е попречен од недостатокот на вештини и ограничените инвестиции во нови технологии.

Голем проблем со којшто се соочува земјата е високата стапка на невработеност. Официјалната стапка на невработеност, според Анкетата на работната сила (дефиниција на ILO) за 2015 година е 26,07%[10].

Структурата на невработени лица според етничка припадност (со состојба на 31.12.2015 година) открива дека 66,2% од невработените се Македонци, 22,4% се

[10]Државен завод за статистика: Анкета за работна сила, Статистички прегледод2015 година, 2.4.16.02 /843

Албанци, 3,2% се Турци, 5.1% се Роми, 0,8% се Срби, 0,2 се Власи, 0,2 се Бошњаци и 1,9% од невработените припаѓаат на други етнички групи.[11]

Долгорочната невработеност е еден од најсериозните проблеми на земјата. Според податоците од Државниот завод за статистика, таа изнесувала 81,36% во 2015 година. Од аспект на застарени знаења и вештини, ова може да биде значаен поттик за образование на возрасните.[12]

Невработеноста е поочигледна во урбаните средини каде што се наоѓаат 68,7% од невработените, додека 31,3% од невработените живеат во руралните области.[13]

Невработеноста е најсилно нагласена кај младите на возраст од 15-24 години, кои ја сочинуваат работната сила на оваа возрасна група (вработени и невработени коишто бараат вработување), со стапка на невработеност од 47,3%. Од вкупниот број на лица на возраст од 15-24 години во земјата, 17,3% се вработени, 47,3% се невработени, а останатите 37,4% се неактивни, односно лица кои не бараат работа или сè уште се дел од образовниот процес.[14]

Постојат изразени разлики во технолошкото ниво на развој на македонската економија во споредба со онаа на земјите од ЕУ.

Поголемиот дел од националното производство (мерено како бруто-производство по основни цени) се заснова на нискотехнолошка содржина (45%), 43 проценти е средниониско технолошко производство и само 1 процент е високотехнолошко производство.[15] Лесно се забележува многу ниската стапка на високотехнолошко производство, која најчесто бара примена на ИТ и софистицирана технологија.

Оваа ситуација не може да се надмине само со трансфер на технологии и бара развој на компетентна работна сила. Образованието и учењето на возрасните имаат клучна улога во решавањето на овој клучен предизвик за развојот на земјата, како предводници на развојот на компетентна и висококвалитетна работна сила којашто може да се справи со предизвиците на новите технологии.

## 2.3. Атрактивност и учество

[11]Агенција за вработување на Република Македонија, Годишен извештај за2015 година, Скопје, 2016
[12]Република Македонија, Државен завод за статистика: Анкета за работна сила - 2015, Статистички преглед:Население и социјални статистики, Скопје, мај 2016 година
[13]Ibid
[14]Државен завод за статистика: Анкета за работна сила, Статистички прегледод2015 година, 2.4.16.02 /843
[15]Мојсоска-Блажевски, Н., Костадинов А., Грег, К., вон Уекскул, Е. (2012 година): Политики за вештини во насока на економска диверзификација во Поранешна Југословенска Република Македонија, Меѓународна организација на трудот; Тимот за техничка поддршка на МОТ за пристојна работа и на Националната канцеларија за Централна и Источна Европа. - Скопје: МОТ, 2012, стр.12

**Покриеност:** Според ДЗС, учеството во доживотното учење ја утврдува вклученоста на лица на возраст од 25-64 години во процесот на образование и обука од вкупното население на соодветната возрасна група.

Во 2011 година, 3,4% учествувале во некоја форма на образование на возрасни.[16]Во споредба со ЕУ-27 каде што просечната стапка на учество изнесува 8,9%, ова е многу низок процент. Некои земји на ЕУ веќе го достигнаа реперот за учество во доживотното учење што е утврден на 15% за 2020 година, вклучувајќи ги тука Данска (32,3%), Швајцарија (29,9%), Шведска (25,0%) и многу други.[17]

Меѓутоа, ниската стапка на учество на возрасните во неформалното образование е многу загрижувачка. Од вкупното активно население само 0,71% учествуваат во образовните активности надвор од редовниот образовен систем.[18]

Табела 2: **Работоспособно население што посетува активности за учење надвор од редовното образование, 2015 година**

| | Вкупно | Мажи | Жени | Времетраење на наставните активности во број на часови | Просечен број на часови на наставните активности по лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **1676 659** | **839 094** | **837 566** | **222 124** | |
| Учество во наставни активности[1)] | 12 007 | 5 785 | 6 221 | 222 124 | 18.5 |
| | **0.71%** | | | | |
| Не посетува наставни активности | 1664 653 | 833 308 | 831 344 | - | |

Извор:
Република Македонија, Државен завод за статистика: Анкета за работна сила - 2015, Статистички преглед:Население и социјални статистики, Скопје, мај 2016 година

Анализата на возрасните лица кои учествуваат во неформално образование покажува дека најголемиот дел од нив се вработени или се економски неактивни. Најмал дел од нив отпаѓа на невработените.

[16]ДЗС, Ситуација од16.11.2012; Според ДЗС, учеството во доживотното учење значи учество на лица на возраст од 25-64 во процесите на образование и обука од вкупното население во соодветната старосна група.
[17] Европска Комисија: Мониторинг на образованието и обуката 2012, Повторно осмислување на образованието: инвестирање во вештини за подобри социоекономски резултати, Стразбур, XXX, SWD(2012) 373/2
[18]Република Македонија, Државен завод за статистика: Анкета за работна сила - 2015, Статистички преглед:Население и социјални статистики, Скопје, мај 2016 година




Графикон 1: Население кое посетува наставни активности надвор од редовното образование, по економска активност, 2015

Оваа ситуација ја истакнува загрижувачката состојба на невработените во поглед на нивната образовна мобилност. Иако тие се група којашто е најзасегната од технолошките промени и од недостатокот на можности за вработување, сепак се многу пасивни кога станува збор за менување на нивниот работен статус. Мобилизирањето на оваа целна група треба да биде еден од приоритетите на политиките за образование на возрасни.

Во однос на возраста на учесниците во неформалното образование, можеме да видиме дека помладото население е поактивно од постарото. Ова доведува до претпоставка дека постарото население, иако е невработено или економски неактивно, е недоволно мотивирано да се вклучи во образование и учење.




Графикон 2: Учесници во неформално образование според возраст
Разгледувањето на причините за ваквата ситуација открива дека личните причини се позастапени од причините поврзани со работата или вработувањето.




Графикон 3: Причини за учество во неформално образование

**Понуда:**[19]Според студијата на Европската фондација за обука (ЕТФ), вкупната стапка на учество на ОВ за 2014 година е 3,5% за референтната возрасна група од 25-64 години[20] без да се даде јасна дефиниција за „учество“. Најголем дел од нив биле вклучени во околу 170 програми за неформално образование на возрасни верификувани од страна на ЦОВ, реализирани од провајдери верификувани од страна на МОН[21]. Програмата за завршување на средно стручно образование за возрасни се спроведува во шест општини, со околу 2000 вклучени возрасни лица.

Според податоците на Државниот завод за статистика, има единаесет основни училишта[22] кои се верифицирани за основно образование на возрасни, со 34 одделенија и вкупно 303 ученици (113 жени), а 119 ученици го завршиле основното образование во учебната 2014/15 година. Во тие училишта работат 48 наставници (23 жени), при што 35 од нив се вработени со полно работно време[23]. И покрај овие податоци, според релевантните чинители, во земјата постои само едно функционално специјализирано училиште за основно образование за возрасни лица.

Според домашните надлежни органи што учествуваат во извештајот GRALE III, учеството во образованието за возрасни е зголемено кај групите коишто бараат признавање на претходно учење, маргинализираните етнички и јазични малцинства, долгорочно невработените лица, но не и кај луѓето со хендикеп, со ниско ниво на писменост и со основни вештини.

---

[19]Според анализата на Проектот.
[20]Извор: http://www.etf.europa.eu/webatt.nsf/0/A1FBC2D304D8A785C1257E58007AEAE9/$file/TRP%202014%20fYR%20Macedonia_EN.pdf
[21]Списокот на верификувани провајдери е достапен на веб страната на МОН: www/gov.org.mk
[22]Под основно образование подразбираме, осум годишно или девет годишно образование.
[23]Државен завод за статистика (2016). Статистички годишник на Република Македонија, Поглавје 6: Образование.http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFSG2016/06-Obrazovanie-Education.pdf

Во однос на *вертикалната мобилност* и капацитетите за вклучување на возрасни лица во системот на институциите, фактичката состојба е како што следува:

- Основно образование: постои огромен број на возрасни без завршено основно образование (18% според последниот Попис на населението во 2002 година). Формалниот образовен систем нема доволно капацитети да ги вклучи, па обезбедувањето на соодветни услови претставува вистински предизвик.
- Средно образование: по 1987 година нема т.н. „вечерни училишта“ за возрасни, кои беа училишта што им даваа втора шанса на оние што не го завршиле. Од друга страна, кога голем број на возрасни би го завршиле основното образование и би биле подготвени да го продолжат своето образование и да се запишат во средно училиште, оваа празнина би била уште подлабока. Оттука, уште еден вистински предизвик е да се воспостави систем на институции со задоволителен капацитет и структура и со обучени и способни наставници.
- Високо образование: иако Владата во последно време воведе стимулативна мерка за запишување на лица над 35 години на универзитетски програми, ефектите се само ограничени. Поголемиот дел од универзитетите имаат сериозни проблеми со реализацијата на редовните програми поради недостаток на наставен кадар, па така подобрувањата и капацитетите за исполнување на потребите на возрасните во високото образование во сегашната ситуација се само симболични.

## 1.4. Политики и скорешни активности

Во 2010 година беше донесена *Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015.* Документот релевантно ја анализираше тогашната тековна состојба во земјата во однос на образованието на возрасните и постави неколку стратешки цели за во иднина. Овој документ е основа на анализата на моменталната ситуација и настаните во оваа област. Во овој документ е презентирана одредена анализа на исполнувањето на стратешките цели.

Во периодот 2010-2016 беше направен значителен напредок во областа на законодавството. Донесени се многу важни закони, подзаконски акти и стратешки документи поврзани со образованието на возрасните. Воспоставена е национална рамка на квалификации (верифицирани се 170 програми за делумни вештини) и воспоставен е систем за верификација на институции и програми за неформално образование.

Општ впечаток е дека предуслов за идно подобрување на квалитетот на образованието на возрасните е законите и подзаконските акти да станат (по) функционални и поефикасно да се спроведуваат на терен.

Во продолжение е дадена листа на значителни подобрувања кои се направени во соодветниот период:

- Во текот на 2010 година, беа воведени неколку *подзаконски акти* како операционализација на Законот за образование на возрасните од 2008 година. Овие подзаконски акти ги регулираат процедурите за верификација на неформалните програми за возрасни. Подготвени се пет *Упатства* и два интерни *Правилници*. Правилниците ги регулираат процедурите за верификација на програмите за неформално образование на возрасните, како и за верификација на институциите за образование на возрасните. Документите се јавно достапни на веб страната на Центарот за образование на возрасните[24].
- Ревизијата на законот откри делумни недоследности и преклопување на компетенциите на различни тела и институции кои работат во овој сектор. [25] Најчесто, измените и дополнувањата на законите не се придружени со навремено ревидирање на подзаконските акти, особено на оние кои ги регулираат компетенциите на национално ниво, на локално ниво и на ниво на училишта, со што се создаваат противречности и недоследности во спроведувањето на законските одредби и бавно спроведување на интервенции. Најочигледниот пример за овој недостаток на усогласеност лежи во утврдувањето на компетенциите на Центарот за СОО, БРО, ЦОВ и ДПИ.
- Во мај 2010 година беше воведена Програма за средно стручно образование за возрасни. Програмата се реализираше во шест општини и тоа, Арачиново, Чаир, Прилеп, Теарце, Тетово и Куманово. Програмата е сè уште во тек и од 2010 година приближно 2.000 возрасни завршиле или се во фаза на завршување на средно стручно образование.
- Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење (провајдери специјализирани за образование на возрасни) беше донесен во 2011 година.
- Во 2011 година беше донесено *Упатство за верификација на неформални програми* за возрасни и *Упатство за верификација на институции* кои работат на полето на образование на возрасните. Целта на воведувањето на упатствата беше да им се помогне и да им се даде поддршка на провајдерите во креирањето на програми за образование на возрасните и нивна верификација.

  Упатствата се придружени со *Модел програма* како пример за тоа како треба да се подготвуваат програми.

  По донесувањето на горенаведените подзаконски акти и упатства, од јануари 2012 година ЦОВ започна со верификација на програми за неформално образование на возрасните. Во периодот јануари 2012 – мај 2016 година верификувани се околу 170 програми за неформално образование на возрасните. Возрасните кандидати за неколку месеци

[24] http://cov.gov.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BA%D0%B0/

[25] ETF (2010): Колаборативнооценувањенавлијаниетоодреформираноточетиригодишно СОО, Скопје

добиваат одредена квалификација која е релевантна за пазарот на трудот. По обуката добиваат признат сертификат.

- *Градење на капацитетите на ЦОВ:* Во периодот октомври 2011 – јули 2013 година беше реализиран ИПА Твининг проектот „Поддршка на градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, Развој на програми за образование на возрасните и програми за описменување и завршување на основно образование за исклучени лица". Главни активности во рамките на проектот беа:
  - беше организирана обука за вработените во ЦОВ за стратешко планирање, мониторинг и евалуација, обука на обучувачи, верификација и сертификација;
  - беа креирани шест програми за неформално образование на возрасните врз основа на претходно извршена анализа на пазарот на трудот;
  - беа креирани шест програми за функционална писменост на исклучените лица.
- Од 2013 година ЦОВ воведе мерки за *мониторинг* на реализацијата на верификуваните програми. ЦОВ формира комисија за мониторинг која ги посетува провајдерите и ја следи реализацијата на програмите. Комисијата има право да даде одредени забелешки во однос на начините на реализација на програмите. Провајдерите се должни да ги следат и да ги исполнуваат барањата. Во периодот 2013 – 2016 година предмет на мониторинг беа околу 60 верификувани програми.
- Во рамките на ИПА Твининг проектот „Поддршка на градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, Развој на програми за образование на возрасните", креирана е *Алатка за мониторинг* на реализацијата на програмите. Алатката помага да се подобри квалитетот на програмите.
- *Програма за обука на обучувачи:* Во рамките на истиот ИПА Твининг проект, помеѓу 2012 и 2013 година беше развиена и пилотирана програма за професионална обука на обучувачи за возрасни. Учесниците беа обучувани како да ја подготват и да ја структурираат обуката за да биде адаптирана на возрасните, да користат различни стилови на учење и поврзани теми. Програмата има две нивоа за кои се добиваат различни сертификати: 1) обучувач за возрасни, 2) обучувач на обучувачи за возрасни. МОН верификуваше три провајдери за програмата „Професионален обучувач на обучувачи за возрасни", а десет учесници добија соодветна квалификација. Програмата континуирано се реализира од страна на верификувани провајдери.
- *Собирање на податоци:* Согласно со член 36 од Законот за образование на возрасните, ЦОВ е должен да подготви *Каталог* на верификувани програми за образование на возрасните. МОН е одговорен за листата на институции кои се верификувани за реализација на програми за образование на возрасните со поддршка од УНДП. ЦОВ подготви Каталог во периодот јули 2012 – октомври 2012 година кој е објавен на веб страната на ЦОВ.

- *Подигање на свеста – Денови на доживотно учење:* Од 2002 година, DVV International - канцеларијата во Скопје во соработка со релевантни институции и организации организира кампања за подигање на свеста „Денови на доживотно учење“.Од 2012 година во организација на оваа манифестација активно се вклучи Центарот за образование на возрасни. Манифестацијата има за цел подигнување на свеста на поширокатa популација за потенцијалите и придобивките од доживотното учење и образованието на возрасните. Манифестацијата се одржува секоја година, и освен во Скопје, истата се одржа во Битола, Тетово, Струмица и Неготино.
- *Закон за национална рамка на квалификации:* Донесен во 2013 година; „Македонската рамка на квалификации“ [26] е од суштинско значење за регулирање на образовните нивоа и системот на квалификации во земјата. Тој исто така овозможува усогласување со стандардите за квалификации на ЕУ. „Националната рамка на квалификации (НРК)“ е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите (член 2 точка 1 од Законот). Понатаму точка 2 предвидува: „Македонската рамка на квалификации (МРК) е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во Република Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите“. Член 2, точка 9 дефинира дека „квалификација“ е формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно со утврдени стандарди. Точка 17 дефинира дека „Описи на квалификации“ се мерливи показатели за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции. „Резултати од учење“ наведени во точка 19 се дефинирани како изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Член 3 („Начела“) утврдува дека Националната рамка на квалификации ќе обезбеди услови за еднаква достапност на образование во текот на целиот живот за стекнување и признавање на квалификациите (точка 6); и „градење на систем на вреднување на неформалното и информалното учење“ (точка 9). Целите на Националната рамка на квалификации (член 4) се:
    - јасно да ги дефинира резултатите од учењето,
    - да воспостави систем на вреднување на различни квалификации во рамките на целокупниот систем на квалификации,
    - поттикнување и развивање на учењето во текот на целиот живот (доживотно учење),

[26] Влада на Република Македонијаи Министерство за образование и наука,.*Закон за национална рамка на квалификации,* “Службен весник на Република Македонија” бр. 137 од 7 октомври 2013 год.

- да ги покаже јасните врски меѓу различните делови на образовниот систем,
- да укажува на проодноста и напредувањето (хоризонтално и вертикално) низ и во рамките на сите видови на образование и обука (формално, неформално и информално).

— Член 13: „Развивање на квалификации“ (1) утврдува дека надлежни за развој на квалификациите од I до V-Б ниво на квалификации се:
  - Центарот за стручно образование и обука,
  - Центарот за образование на возрасните и
  - Бирото за развој на образованието.

— *Концепција за основно образование за возрасни:* Овој стратешки документ беше донесен во септември 2015 година со цел да се подобри квалитетот и ефективноста на основното образование за возрасни кои не го завршиле. Операционализацијата на *концепцијата* ќе овозможи зголемување на стапките на возрасни вклучени во доживотно учење и вертикална проодност кон стручно и општо средно образование. Програмата за основно образование за возрасни е дизајнирана за да се заснова на клучните компетенции (препорачани од Европската комисија). *Концепцијата* е подготвена од страна на ЦОВ со поддршка од УНДП.

— Исто така во септември 2015 година беше донесена *Концепција за неформално образование и информално учење на возрасните* подготвена од страна на ЦОВ со поддршка од Европската фондација за обука. Документот ги дизајнира условите кои ќе овозможат интеграција на неформалното образование во системот за образование и обука и ќе овозможи сертификација на резултатите од неформалното образование според Националната рамка на квалификации.

Двете концепции, за основно образование за возрасни и за неформално образование и информално учење, се подготвени во согласност со „Обновената европска стратегија (Агенда) за образование на возрасните“, каде што е потенцирано дека со цел да се постигнат целите на „Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст: Европа 2020“, ќе бидат потребни мерки за зголемување на алфабетската писменост, нумеричката писменост и други форми на стекнување на знаење и вештини, како важни предуслови за стекнување на понатамошни квалификации за вработување и активно учество во општествениот живот. Стратегијата идентификува пет приоритети за образованието на возрасните во Европа 2020 кои се инкорпорирани во македонската концепција, и тоа: 1. доживотното учење и мобилност да станат реалност, 2. подобрување на квалитетот и ефикасноста на системите за образование на возрасните, 3. поттикнување на рамноправност, социјална кохезија и активно граѓанство преку образованието на возрасните, 4. зајакнување на креативноста и иновативноста на возрасните и нивните услови за учење, 5. зајакнување на основното знаење за образование на возрасните и следење на реализацијата на образованието на возрасните.

- Во март 2016 година, според препораките на администрацијата на Европската унија,[27] со поддршка од Европската фондација за обука, ЦОВ креираше *План* за воспоставување на систем за валидација на неформалното и информалното учење (ВНИУ). Документот ги утврдува точните чекори и одговорности за периодот на имплементација до 2020 година. Процесот на валидација е дизајниран така што се состои од четири чекори: идентификација, документација, оценување и сертификација.
  ВНИУ системот е утврден во Концептот за основно образование за возрасни и во Концептот за неформално образование и информално учење.
- Во моментов, *Сеопфатната национална стратегија за образование 2016-2020* е во завршна фаза од подготовката, каде што неформалното образование и образованието на возрасните се потенцирани како еден од основните столбови. ЦОВ има одговорен претставник кој ја води и активно учествува во работната група која има за цел развивање на делот за неформално образование и образование на возрасните.

Освен тоа, паралелно со Стратегијата за образование на возрасните 2016-2020, се планира да се подготви и *Стратегија за доживотно учење 2016-2020*.

## 2.5. Управување во областа на образованието на возрасните

**Регулатори, spoveduvači на образование на возрасни, оценувачи:**

Во Република Македонија има неколку видови на институции кои го сочинуваат системот на образование на возрасните. Од една страна, тоа се државните и јавните институции со овластувања и одговорности за образование на возрасните во земјата и, согласно со член 6 од Законот за образование на возрасните, тие се: Министерството за образование и наука (МОН), Центарот за образование на возрасните, Центарот за стручно образование и обука, Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Советот за образование на возрасните, единиците на локалната самоуправа и социјалните партнери. Одредена јурисдикција има и Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар, која произлегува од природата на дејноста на овие институции. Согласно со член 5 од Законот за образование на возрасните, оваа дејност можат да ја вршат јавните и приватните установи за образование на возрасните, институциите за образование на возрасните, центрите за обука, работодавачите и социјалните партнери, здруженијата или индивидуалните обучувачи кои ги исполнуваат условите пропишани со закон.

Постојни spoveduvači на образование на возрасните се:

[27] http://www.cedefop.europa.eu/en/events-and-projects/projects/validation-non-formal-and-informal-learning/european-inventory/european-inventory-glossary

- јавни и приватни специјализирани институции за образование на возрасните: отворени, граѓански и работнички универзитети, образовни консултантски фирми, центри за обука, центри за странски јазици, центри за компјутерско образование, центри за советодавна работа, основни училишта за образование на возрасните;
- средни училишта;
- синдикати;
- работодавачи;
- комори и асоцијации;
- агенции за вработување;
- професионални тела;
- универзитети.

**Главни одговорни институции**

*Совет за образование на возрасните*
Советот (согласно со член 10 од Законот за образование на возрасните) е надлежен да предлага Стратегија за образование на возрасните и Акциони планови кои произлегуваат од Стратегијата (донесени од МОН). Исто така, Советот има овластување да ја следи реализацијата на Акционите планови и да усвојува Годишни извештаи за реализацијата на Акционите планови подготвени од страна на Центарот за образование на возрасните. Со овие овластувања, Советот има директни механизми за контрола на реализацијата на целите утврдени во стратегијата за образование на возрасните. Понатаму, истиот член предвидува дека Советот за образование на возрасните е надлежен да „предлага финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија“ и „во соработка со општините, до Министерството да доставува предлог за развој на мрежа на установи за образование на возрасните“.

*Министерство за образование и наука*
Во согласност со член 7, став 8 од Законот за образование на возрасни, Министерството за образование и наука е одговорно да:
- донесе стратегија за образование на возрасните и годишни акциони планови за нејзина реализација врз основа на предлози од Советот за образование на возрасните,
- предлага на Владата на Република Македонија мрежа на установи за образование на возрасните,
- дава мислење до Владата на Република Македонија за престанок со работа на установите за образование на возрасните, на начин утврден со закон,
- врши верификација на установите за образование на возрасните, на начин утврден со закон,
- издава лиценци на установите и институциите за образование на возрасните,
- води регистар на верифицирани институции за образование на возрасните,

- донесува национални рамковни наставни планови и програми за образование на возрасните,
- донесува наставен план и програми за основно, средно и стручно образование на возрасните, на предлог на Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот),
- обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на образованието за возрасните врз основа на потребите на земјата.

*Центар за образование на возрасни*

Главни цели на Центарот за образование на возрасни се да придонесе во реализацијата на социо-економските потреби на Република Македонија, да одговори на потребите на пазарот на трудот и да им помогне на индивидуите во нивниот личен развој. Главни задачи на Центарот се:

- да ги хармонизира и интегрира јавните интереси и интересите на социјалните партнери во образованието на возрасните во Република Македонија,Центарот ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на образованието на возрасните, и
- да обезбеди квалитетен систем за образование на возрасните во согласност со европските стандарди и практики преку воспоставување на стандарди и критериуми кои ќе обезбедат квалитетно формално и неформално образование на возрасните и создавање на квалитетна и конкурентна работна сила на пазарот на трудот со поддршка на социјалното партнерство.

Овластувањата на Центарот за образование на возрасни се утврдени во Законот за образование на возрасни и инкорпорирани во неговиот Статут. Во согласност со Статутот, Центарот:

- подготвува наставни планови и програми за основно, средно и стручно образование на возрасните, ги верификува програмите за образование на возрасните, подготвува модел на јавно признати програми за образование на возрасни;
- врши следење, анализа и развој на системот за образование на возрасните;
- работи на унапредување на образованието и обуката на возрасните во соработка со установите и институциите за образование на возрасните;
- спроведува истражувања во областа на образованието за возрасни;
- врши советодавни и менторски активности за вработените кои ги реализираат програмите за образование на возрасни;
- организира стручно усовршување и обука на наставниците и обучувачите;
- предлага решенија за подобрување на врските помеѓу формалното и неформалното образование.

Центарот исто така има мандат да верификува „специјални“ програми, меѓу другите, како програми за описменување, преквалификација, посебни социјални вештини.

*Центар за стручно образование и обука*

Центарот за стручно образование и обука е независна установа основана од Владата и тој е одговорен за различни анализи и истражувања во областа на стручното образование и обука, изготвување на политики и регулаторни документи, развој на стандарди на занимања и образовни стандарди (профили, наставни планови и програми), поддршка на социјалното партнерство, надзор над реализацијата на образованието и обуката, професионален развој на наставниците и меѓународна соработка.

*Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*

Филозофскиот факултет, поточно Институтот за педагогија како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и е единствена високообразовна институција во земјата што ја истражува андрагогијата и нуди студии по андрагогија во прв, втор и трет циклус на студии.

*Единици на локална самоуправа*

Во согласност со Законот за образование на возрасни, локалните општини имаат голема улога во развојот и реализацијата на образованието на возрасните.

Со поттикнување на децентрализацијата, дел од надлежностите во областа на образованието на возрасните се доделени на локалната самоуправа. Имено, Советот на општината, односно на градот Скопје врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот, установите за образование на возрасните и институциите за образование на возрасните, може да основа установи за образование на возрасните, согласно со одредбите на овој закон, општински, односно центар на Град Скопје за развој на човечките ресурси, доставува предлози до министерството и до Центарот за потребите за развој на програмите за образование на возрасните, донесува програми за образование на возрасните кои се финансираат од средствата на локалната самоуправа, обезбедува средства за установите за образование на возрасните на кои им е основач, и доставува предлози за уписната политика во образованието на возрасните до министерството.

Фактичката состојба е таква што многу малку е направено во областа на локалната самоуправа, поради неколку причини. Како последица на ниските буџети, или невклучувањето на образованието на возрасни меѓу приоритетите, општините не вршат стратешко зајакнување на нивните капацитети во областа на образование на возрасни, ретко прават соодветна анализа на потребите на пазарот на трудот и прават ниски (или никакви) инвестиции во образованието на возрасните. На локалните власти им е итно потребна поддршка за развој на соодветен модел на насоки и финансирање во областа на образованието на возрасните.

*Агенција за вработување*
Агенцијата за вработување (АВ) е важна инстанца во областа на образованието на возрасните. Со оглед на улогата на посредување меѓу невработените и пазарот на трудот, Агенцијата има голем потенцијал за подобрување на образованието на возрасните.

## 2.6. Финансирање [28]

Информациите за јавното финансирање и буџетот за образование на возрасните се ограничени. Официјално, помалку од 0,4% од јавната потрошувачка во образованието е наменета за образование и учење на возрасните [29]. Во последните години, највпечатлива владина активност е Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување.

Претставниците на ЦОВ во работната група за Сеопфатната национална стратегија за 2016-2020 година предложија процентот на јавната потрошувачка да изнесува 1,5% од јавниот буџет за образование.

Активностите за подобрување на образованието на возрасни на база на проекти често пати се финансиски поддржани од меѓународни извори на финансирање, било од меѓународни организации, или со билатерални договори. Во врска со одржливоста на осигурувањето на квалитет на образованието на возрасни, тие краткорочни проектни активности имаат ограничен делокруг, и недостасува системски пристап кон финансирањето на образованието на возрасните.

Бизнис секторот е често пати предмет на дебатите поврзани со финансирањето за образованието на возрасни и анализите на потребите на пазарот на трудот. Според релевантни чинители, бизнис секторот треба поактивно да се вклучи и во инвестициите во образованието на возрасни и во обуката на возрасните. Барањето е одговорноста за образованието на возрасните да биде поделена меѓу државата и бизнис секторот. Ова прашање треба да биде поврзано со мерките за намалување на даноците.

## 2.7. Релевантност

И покрај тоа што покажува знаци на развој, приватниот сектор за образование е слаб и неговиот придонес кон развојот на работна сила е мал. Системот за континуирано образованието покажува нагорен тренд на развој, вклучувајќи меѓу другото, иновации, развој на процедури за акредитација на програми за обука и за

[28]Според анализите на проектот
[29]Образец за извештаите за напредок на земјите-членки за Глобалниот извештај за образование и учење на возрасните (GRALE III) (914696)
http://grale.uil.unesco.org

лиценцирање на спроведувачите на образование на возрасни, формирање на специјализирана установа за поддршка (Центар за образование за возрасни), итн.

Земјата започна процеси за развој на стандарди на квалификации, промена во структурата на системот за образование на возрасни, осигурување на квалитет, проширување на мрежата на спроведувачи на образование на возрасни, диверзификација на можностите за образование и обука, но ќе биде потребно време за овие иницијативи да ги генерираат саканите ефекти.

Релевантноста на програмите за обука се наоѓа високо во политичката агенда; сепак, резултатите се уште не се на задоволително ниво, што укажува на слаби инвестиции на чинителите во процесите. И покрај големиот број на добри практики и иницијативи на централно ниво, најслабата алка во системот за образование на возрасните се уште е слабата соработка и поврзаност меѓу образовната понуда и побарувачката на работна сила. Бизнис секторот во последните години активно се вклучува како партнер на спроведувачите на образование на возрасни и овој процес треба да се интензивира и поддржува.

Истражувањата, студиите и евалуациите се едни од најслабите точки на образовниот систем во целина, а особено во однос на образованието на возрасните. Повеќето истражувања и евалуации се нарачани и финансирани од надворешни извори, или се поврзани со новите политики и прописи. Постоењето на систематски мониторинг и евалуација на реализацијата на услугите е важно и за осигурување на квалитет и за подобрување на системот. Остварувањето на оваа функција бара собирање и анализа на податоци од различни извори. Доставувањето на податоци на ниво на институција им овозможува на релевантните надлежни органи да осигурат дека спроведувачите на образование на возрасни ги реализираат очекуваните резултати. Таквите податоци, исто така, им овозможуваат на овие надлежни органи да ги идентификуваат празнините или предизвиците во обезбедувањето на обуки или области на добри практики. Покрај тоа, периодичните истражувања и евалуации на главните програми генерираат дополнителни информации кои можат да помогнат да се зголеми релевантноста и ефикасноста на системот во целина.

Нема конкретни барања за собирање на податоци и известување, туку провајдерите на обуки водат свои бази на податоци; владата не врши ниту се јавува како покровител на  истражувања поврзани со вештините или евалуации на влијанијата и ретко користи податоци за следење и подобрување на резултатите од системот.

## 2.8. Квалитет во образованието на возрасни

Иако осигурувањето на квалитет во образованието за возрасни е делумно регулирано со закони и подзаконски акти, останува впечатокот дека тоа е една од најизразените  слабостите во секторот за образование на возрасни.

Контролата на квалитетот во стручното образование и обука се врши интерно (самооценување) и екстерно, преку улогата на ЦСОО, ЦОВ и Државниот просветен инспекторат.

Освен системот за контрола на квалитетот во образованието на возрасни, не постои систем за поддршка и/или систем за осигурување на квалитет, со што би се децентрализирало прашањето за осигурување на квалитет преку активно учество на широка база на чинители во процесот на јакнење на квалитетот во образованието на возрасни.

## 2.9. Наставници / Обучувачи / Андрагози

Прашањето за квалитетот на обуката, од гледна точка на методолошка и педагошка/андрагошка подготовка останува отворено. Нема јасен доказ во однос на степенот до кој експертите кои вршат обука на наставници ги поседуваат потребната експертиза, односно компетенции за образование на возрасни. Честопати за реализација на обуки се ангажираат универзитетски професори, кои имаат искуство и компетенции за воспитно-образовна работа со деца и млади, но немаат искуство и компетенции за воспитно-образовна работа со возрасни. За решавање на оваа слабост, во Законот за образование на возрасни[30] државата утврди  обврска за секој провајдер што работи со возрасни лица да подложи на андрагошка обука за да може да работи со возрасни. За жал, иако таа обврска е регулирана со закон, тоа е не се спроведува во пракса, а акредитацијата на провајдерите се врши без почитување на оваа обврска.

Потребно е, во фазата на акредитација на провајдерите и нивните програми, строго да се почитуваат законските одредби во однос на тоа дали програмата ги задоволува андрагошките барања и дали е дизајнирана во согласност со карактеристиките на учениците, како и да се зајакне надзорот врз фазата на реализација во однос на квалитетот на услугите и нивното влијание врз развојот на компетенциите на наставниците.

Сè уште нема воспоставени називи како наставник за образование или обука на возрасните. Во пракса, се уште се сретнуваат термините како „обучувач на возрасни“, што се стекнува по успешното завршување на акредитирана програма надвор од редовниот систем на образование. Овој термин е посоодветен за профилот Обучувач за обука на возрасни, отколку за профилот наставник за

[30] Закон за образование на возрасни, Службен весник на Република Македонија, бр. 7/08

образование на возрасни. Покрај тоа, често се среќава профилот „андрагог“ (експерт, наставник, истражувач за образование на возрасни ...)", кој се стекнува по успешното завршување на универзитетска студиска програма - насока андрагогија. Ваквите универзитетски студии од прв, втор и трет циклус на студии се нудат само на Институтот за педагогија при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј "во Скопје.

Овој Институт е исто така место каде што се врши истражување во областа на образованието и обуката на возрасните. Во изминатиот период, беше спроведено значително тимско и индивидуално истражување во областа на образованието за возрасни, а беа подготвени и успешно одбранети голем број на магистерски и докторски тези.

Уште еден сериозен проблем е отсуството на евалуација на Програмата за едукатори на возрасни, на индивидуално и на институционално ниво. Нема јасен доказ за успехот на обезбедената обука и влијанието на овие иницијативи врз работата на наставниците и квалитетот на наставата и учењето.

## 2. Оценување на влијанијата на Стратегијата за образование на возрасни 2010 - 2015 година

Општо земено, според интервјуираните релевантни чинители, подобрувањата во областа на образованието на возрасни во периодот 2010 - 2016 година, кои можат да се сметаат како влијанија од Стратегијата за образование на возрасни 2010-2015, вклучуваат:

- Зголемен интерес за образование на возрасните како резултат на промотивните настани како „Денови на доживотно учење“ и вклученост и соработка на неколку институции и организации
- Подобрени компетенции на невработените лица
- Воспоставен систем за верификација на образованието на возрасни и зголемен број на верификувани програми и провајдери
- Зголемен процент на вработени лица кои учествувале во програми за образование на возрасните
- Воспоставување на партнерски врски меѓу релевантните институции (Центарот за образование на возрасни, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија).

# 3. Стратешка рамка

## 4.1 Водечки принципи

**Доживотно учење и учење во пошироки животни контексти**

Доживотното учење според CEDEFOP (Европски центар за развој на стручното образование и обука) се дефинира како „секоја активност на учење преземена во текот на животот со цел унапредување на знаењата, вештините/компетенциите и/или квалификациите за лични, социјални и/или професионални причини“.
Во извештај подготвен од страна на Шведската Национална Агенција за образование од 2000 година се наведува дека „учењето во поширокиот животен контекст се однесува на фактот дека учењето може да се случува во мноштво различни околини и ситуации и не се однесува само на формалниот образовен систем. Учењето во поширок животен контекст ги опфаќа формалното образование, неформалното образование и учење и информалното учење“.

Образованието и обуката на возрасните претставуваат составен дел од концептот на доживотно учење. Тие обезбедуваат можности за континуирано и непречено образование и обука во текот на животот и придонесуваат кон формирањето на граѓани коишто се подготвени за активно учество во едно општество коешто е базирано на знаење.

**Еднакви можности**
Овој принцип ја истакнува достапноста на и еднакви можности за образование и обука за сите категории на возрасни, како и развој на свесност за меѓусебната поврзаност и зависност и солидарноста помеѓу сите чинители во образованието и обуката на возрасни, без оглед на расата, полот, способностите или социјалната, етничката, верската или културната припадност, финансиската или здравствената состојба и физичките или менталните пречки.

**Релевантност**
Образованието и обуката на возрасни се, меѓу другото, носечки столб на секоја успешна економија. Според тоа, образованието и обуката на возрасните треба да се базираат на побарувачката на пазарот на труд и на потребите на непосредната заедница и поширокото општество, како и на индивидуалните потреби на учениците.

**Вработливост**
Образованието и обуката на возрасните треба да се одвиваат во тесна соработка со пазарот на труд и да придонесуваат кон вработливоста на поединците, како и

да се реализираат преку широк спектар на образовни услуги коишто водат кон стекнување и подобрување на потребните компетенции.

**Квалитет**
Осигурувањето на квалитет во образованието и обуката на возрасни наложува потреба од соодветни образовни стандарди и нивно усогласување со европските образовни стандарди за квалитет, а последователно, и стандардни процедури за нивно мерење и оценување.

**Општествена одговорност**
Општествената одговорност на образованието и обуката на возрасните се рефлектира во интегрирањето на основните граѓански вредности, владеењето на правото, човековите права и обврски во образовниот процес, коишто се очекува да резултираат со развој на граѓани коишто поседуваат релевантни компетенции за живот и делување, соработка, толеранција и меѓусебно почитување и комуникација.

**Соработка и партнерство**
Успешноста на образованието и обуката на возрасните во голема мера зависи од воспоставувањето и негувањето на пристап на соработка помеѓу сите чинители: бизнис секторот, локалните власти, образовните институции, наставниците, учениците и родителите.

**Транспарентност**
Транспарентноста во образованието и обуката на возрасните се остварува преку почитување на стандардите за квалитетот на образованието. Таа се базира на почитување на принципите на отвореност и јасност за сите чинители, вклучувајќи ги и возрасните ученици, наставниците, бизнис секторот и општата јавност.

**Флексибилност**
Образованието и обуката на возрасните треба да бидат флексибилни и способни за навремено опфаќање на новитетите во науката и технологијата и активно следење на динамиката на промените. На тој начин, на институциите за образование и обука на возрасни им се овозможува соодветно и навремено да одговорат на потребите за знаење и вештини.

**Одржливост**
Спроведувањето на принципот на одржливост наложува потреба од целосна и цврста поддршка од страна на државата преку постојано непречено финансирање на системот на образование и обука на возрасни.

## 4.2 Визија и цели на Стратегијата

Интервенциите во образованието на возрасни на земјата ќе резултираат со систем којшто ги рефлектира барањата и визиите на сите нејзини граѓани и намерите во однос на тоа идното образование на возрасни да стане привлечно за сите возрасни, функционирајќи на ниво на квалитет којшто овозможува сите да се прилагодат и трансформираат во согласност со трендовите на иднината што бележат брзи промени.

Системот за образование и обука на возрасни ќе обезбеди услуги од највисок квалитет за возрасните ученици. Образованието и обуката на возрасните ќе ја вршат својата улога по пат на изготвување и планирање на програми коишто им помагаат на возрасните ученици да ги остварат своите цели во однос на образованието, вработувањето и животот во рамките на семејството и заедницата.

Целокупната цел на Стратегијата за образование на возрасни 2016-2020 година е обезбедување на можности за стекнување на соодветно образование и неопходните компетенции за сите поединци и за сите возрасни групи, осигурувајќи тие да ги поседуваат знаењето, вештините и ставовите што се бараат од страна на општеството и пазарот на труд. Според тоа, образованието мора да им биде достапно за сите коишто живеат во Република Македонија, без оглед на возраста, полот, верската или етничката припадност, здравствената состојба и социјалната или финансиската состојба. Исто така, образованието и обуката мора да ги исполнуваат сите барања за ефикасност и ефективност со цел да можат на сите да им обезбедат доволно општо и стручно образование.

Препознавањето на холистичкиот пристап кон образованието како и на концептот на доживотно учење како основа на севкупниот образовен систем ја определува целта на Стратегијата за образование на возрасни, којашто треба да придонесе кон следното:

- развој на систем за јавно финансирано образование и учење на возрасни којшто обезбедува сите граѓани на Република Македонија да имаат еднакви можности за учество во квалитетно учење во текот на целиот живот, при што обезбедувањето на образование се базира на побарувачката и потребите за учење од сите сфери на животот,
- усвојување мерки за заедничко координирано дејствување на сите клучни партнери во областа на образование на возрасни,
- создавање на правни и експертски предуслови за трансформација на образованието на возрасни во важен составен елемент од целокупниот образовен систем на Република Македонија,
- создавање на услови за развој на нови технологии и електронско учење во образованието на возрасните,

- јакнење на системот за образование на возрасни со цел да одговори на демографските промени и понуди на растечкиот процент на возрасно население соодветна и квалитетна понуда на образовни програми,
- создавање на можности за возрасните да стекнат знаење, вештини и вредности коишто се бараат за цели на подобрување на квалитетот на живот[31],
- зголемување на можностите за образовни избори,
- развој на образование на возрасни коешто е во функција на социјална кохезија,
- развој на образование на возрасни, кое ќе одговори на образовните потреби на сите граѓани, лицата со посебни потреби и маргализираните лица,
- развој на можности за образование и обука коишто соодветно одговараат на очекувањата, аспирациите и потребите на разновидни групи во рамките на постојната и идната работна сила,
- развој на образование и обука за возрасни коишто се неопходни за соочување со динамичните промени во областа на трудот и животот,
- охрабрување и поттикнување на населението да учествува во сите сфери на современото живеење, особено општествениот и политичкиот живот на сите нивоа, вклучително и во рамките на Европа.[32]

Владата на Република Македонија треба да го поддржи создавањето на позитивна средина за продолжување на учењето и личниот развој за сите групи на населението. Во овој контекст, ќе биде важно да се мобилизираат особено оние групи во рамките на населението чиешто знаење е веќе застарено поради различни причини, коишто не ги поседуваат бараните компетенции или коишто останале образовно хендикепирани, вклучувајќи и невработени, неписмени лица и маргинализирани групи. Соработката помеѓу различните образовни актери, јавноста и приватниот сектор, невладините организации и волонтерските здруженија, ќе биде од огромна важност за обезбедување на подобрена мобилност во областа на образованието кај младите и кај возрасните. Во таа смисла, ќе биде обезбедена цврста поддршка за активностите на невладиниот и волонтерскиот сектор во областа на образованието на возрасни.

## 4. Стратешки цели за 2016 - 2020 година

Во периодот од 2016 до 2020 година, сите чинители во образованието и обуката

[31]Дакарска рамка за акција, Образование за сите, Дакар, Сенегал, 2000; Национална програма за развој на образование: 2005-2015, МОН, Скопје, 2005
[32]Извештај на ЕУ за квалитативни индикатори за доживотно учење, Брисел, 2002 год.

на возрасни треба да ги фокусираат своите напори на реализацијата на следните цели:

## Цел. 1.Подобрување на привлечноста на учеството во образованието на возрасни

Еден од утврдените недостатоци на образованието на возрасни е отсуството на култура на учење кај возрасното население. Оваа слабост предизвикува низок интерес за инволвирање на возрасните во различни форми на образование и истата е најистакната помеѓу невработеното возрасно население и постарите групи во рамките на населението.

Подобрувањето на свесноста за важноста на доживотното учење и образованието на возрасни кај младите и кај возрасното население треба да резултира со нивна зголемена мобилност во формалното, неформалното и информалното учење. Ова директно придонесува кон зајакнување на работните и социјалните компетенции на населението и спречување на социјалната и образовната исклученост на маргинализираните групи од населението.

*Активности:*

- Развој и имплементација на Програма за популаризација на образованието на возрасни преку:
    - јавни настани,
    - фестивали,
    - саеми,
    - презентации,
    - популарна литература,
    - застапеност во медиумите (печатени медиуми, радио, телевизија, интернет).

Оваа цел подразбира активен придонес од страна на централните и локалните власти во планирањето и реализацијата на кампањата. Во рамките на анализите на потенцијалните учесници во образованието на возрасни вниманието се фокусира особено на постарите невработени групи од населението, лицата без квалификации и маргинализираните групи.

## Цел. 2.Воспоставување на систем за осигурување на квалитет во рамките на образованието на возрасни

Советот на Европа истакнува дека правото на образование може да биде целосно реализирано само доколку образованието е со соодветен квалитет. Создавањето на предуслови за сите да имаат придобивка од квалитетот на образованието е прашање на индивидуална правдина и прашање на најдобро можно искористување на државните ресурси. Не само што пристапот до образование е

важно право самото по себе, туку осигурувањето на квалитетно образование е и јавна одговорност. Вистинската вредност на ова право може да се реализира само доколку образованието е со соодветен квалитет и доколку можностите за учење им овозможуваат на возрасните ученици да го завршат своето образование и/или обука во разумно време и под услови што гарантираат квалитет. Во демократските општества, сите имаат право на еднакви можности за образование и на придобивки од квалитетното образование, пропорционално на нивните аспирации и можности.[33]

*Активности:*
Остварувањето на оваа цел треба да создаде предуслови за сите да ги стекнат клучните компетенции преку заложби за подобрување на квалитетот и привлечноста на образованието на возрасни. Со цел ова да се постигне на одржлива основа, поголемиот дел од вниманието би требало да се фокусира на:

Процедури и индикатори за осигурување на квалитет

- Дефинирањето на систем и рамка за осигурување на квалитет во образованието на возрасни, што ги интегрира внатрешните и надворешните механизми и ги опфаќа чинителите;
- Дефинирањето на показатели и процедури за осигурување на квалитет во Образованието на возрасни;

Подобрување на значајноста на образованието на возрасните за пазарот на трудот

- Осовременување на занимањата и квалификациите, воспоставување на курикулуми базирани на нивоата во МРК хармонизирана со ЕРК со цел да се подобри мобилноста во стручното образование и обука и да се унапреди нивната значајност на пазарот на трудот;
- Развивање механизми за предвидување на потребните компетенции на пазарот на трудот кои ќе овозможат воспоставување/ревидирање на квалификациите во согласност со релевантните вештини и компетенции потребни на пазарот на трудот;

Основно образование на возрасни

- Зголемување и поддржување на квалитетот на основното образование на возрасните;

Средно образование на возрасни

[33]Совет на Европа (2012). Препорака CM/Rec(2012)13 наКомитетот на министри до земјите-членки за осигурување на квалитетно образование. Препоракана Комитетот на министри. https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=2014671&Site=CM, accessed on 20th of February, 2014.

- Анализа за конципирање на современ систем за средно образование на возрасните;

Програми за возрасни со посебни образовни потреби

- Подобрување на квалитетот и развој на нови програми за возрасни со посебни образовни потреби;

Систем за професионален и кариерен развој, квалитет на понудувачите и менаџирање на институции за образование и обука на возрасни:

- Воспоставувањето на систем за професионален и кариерен развој на наставниците и обучувачите во Образованието на возрасни;
- Подобрувањето на раководењето и управувањето на институциите за образование и обука на возрасни;
- Развојот на ефективни системи за поддршка и контрола на квалитетот на провајдерите на образование и обука на возрасни.

Висок квалитет може да се постигне само преку ефикасно и одржливо искористување на ресурсите, како јавните така и приватните, и преку промовирање на политики и практики базирани на докази во областа на образованието и обуката на возрасни.

## Цел 3.Развој на систем за валидација на претходно учење

Република Македонија нема институција специјализирана за идентификување и валидација на претходно учење, стекнато преку неформалното и информалното учење. Реализацијата на оваа активност е потребна од аспект на современите тенденции во областа на образованието и од аспект на потребата за валидација на сите активности што младите и возрасните ги преземаат во насока на стекнување на образование, особено во неформалните и информалните сектори.

Последните измени во образованието во Република Македонија, ќе доведат до експанзија на мрежата на образовни капацитети во областа на образованието на возрасни. Ова воспоставување мора да биде поддржано со механизми со кои ќе се воспостави комуникација меѓу формалното, неформалното и информалното образование. Со реализацијата на оваа активност ќе се зголемат можностите за вработување и мобилност во областа на образованието кај младите и кај возрасните. Се очекува дека ова ќе го зајакне неформалното и информалното образование и ќе овозможи негов еднаков третман во образовниот систем.

*<u>Активности:</u>*

- Развој на инструменти и механизми за откривање/оценување на претходно

учење за оние кои се стекнале со одредени компетенции и сакаат да им бидат валидирани и признати.
- Оценување на претходно учење кое се врши врз основа на усвоената национална рамка на квалификации.
- Развој на институционална рамка за спроведување на оценување на претходно учење.
- Ревизија на досегашниот систем за верификација на програми за неформално образование на возрасни и акредитација на институции за образование на возрасни со цел оптимизирање на процесите.

## Цел. 4.Подобрување на организацијата, управувањето и финансирањето на образованието на возрасни

Државните и приватните компании се уште немаат развиено доволно свест за образовните потреби на нивните вработени. Државните компании се уште даваат предност на првичното образование на нивните вработени, водени од мотото "едно образование за доживотна работа". Во приватниот сектор, ретки се случаите кога индивидуалните компании соработуваат со универзитетите и/или други институции за образование на возрасни, за цели на јакнење на компетенциите на своите вработени.

Пазарот на провајдери е многу хаотичен и достапен само со тешкотии. Државата издвојува минимални средства за оваа намена и можностите за самостојно финансирање на образованието од страна на поголемиот дел од возрасните се минимални.

Алоцираните средства за стручно оспособување и преквалификација на вработените на работното место се помалку од симболични. Ситуацијата се влошува со недостатокот на соработка меѓу чинителите во воспоставувањето на заеднички фонд за учење на возрасни, недостатокот на правна рамка за финансиски придонес од страна на работодавците и поединците и отсуство на механизам за заедничко финансирање. Од сето ова е јасно зошто образованието на возрасни во Република Македонија во толкава мера зависи од донатори.

*Активности:*

- Воведување на голем број на стимулативни мерки за поттикнување на инвестиции на средства во образованието и обуката на возрасните, како за работодавачи така и за физички лица;
- Воведување на даночни олеснувања за провајдерите на услуги во областа на образованието на возрасни;

Спроведување на анализа за воведување на даночно олеснување за сите граѓани кои посетуваат програми за образование на возразсни .

## Цел 5. Воспоставување на систем за јавно образование на возрасни преку реформирање на јавните образовни институции за образование на возрасни Отворените граѓански универзитети за доживотно учење/Работнички универзитети

Инситуциите за образование на возрасните имаат долга традиција во Република Македонија, дури од 1920-тите години кога бил формиран првиот Народен универзитет. Денес, можеме да ги сретнеме „работничките", „народните" и „отворените граѓански" универзитети како иститутиции со повеќедецениска традиција (првите се формирани во 1953 година).

После 2011 година, според Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење (Службен весник на Република Македонија бр.23.03.2011) тие се дефинирани како: институции кои нудат јавни услуги во областа на формалното образование на младите и возрасните (основно образование на возрасни, средно образование на возрасни, професионални обуки, стручно образование за занимање, техничко образование, пост-средното образование на возрасни, реквалификација и понатамошна обука, вклучувајќи неформални обуки за млади и возрасни наменети за оспособување на овие луѓе за работа, општествена активност и личен развој, во согласност со Законот за образование на возрасните. Иако тие имаат статус на јавни институции, ја губат финансиската поддршка од државата во 2001 година, така што се принудени да се самофинансираат. Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, овозможува модалитети за нивна трансформација, но само некои од нив го имаат поминато овој процес.

Имајќи ја предвид нивната долга традиција и важна улога која ја имаат во општеството, оневозможени да ја исполнат поради бројни пречки, потребно е да се преземат одредени чекори за надминување на нивните долгорочни проблеми.

Од искуствата на западните земји можеме да видиме дека ваквите јавни институции играат клучна улога во образованието на возрасните во локалните заедници и уживаат голема поддршка од страна на државата која обезбедува државно финансирање на нивните активности и програми. Намерата е да се обезбеди полесен пристап и образование за сите, притоа вклучувајќи ги маргинилизираните групи, градењето на капацитетите на возрасната популација за зголемување на нивната вработливост во согласност со потребите на пазарот на трудот, итн.

Важно е да се потенцира дека овие институции:

- Покрај стручното образование и обука за возрасни, нудат мноштво програми за образование на возрасни како: граѓанско образование, програми за личен развој, итн.;
- Нудат програми на полето на општото образование, основно и стручно

образование на возрасни, културолошко образование, странски јазици, граѓанско образование, здравствено образование и стручно образование и обука;
- Јавни институции отворени за сите граѓани;
- Се од заеднички интерес и се непрофитни организации;
- Политички и идеолошки независни.

Активности:

- Продолжување со воспоставувањето на државна финансиска поддршка за овие институции, со цел да се обезбеди пристап до квалитетно образование на возрасни за сите целни групи во општеството;
- Финансирањето треба да биде овозможено преку заедничка одговорност од државата, општините и партиципиентите (една третина државата, една третина општините, една третина партиципиентите);
- Изготвување на финансиски концепт за Отворените граѓански универзитети за доживотно учење кој ќе гарантира континуирана поддршка на институциите во образовна поддршка на персоналот, размена на искуства, учество во европските развојни проекти, итн.;
- Изготвување амандмани за правно регулирање на функционирањето на овие институции со цел да се реши и подобри нивната идна работа;
- Подобрување на инфрструктурата и градење на човечките ресурси на овие институции;
- Креирање понудувачи на услуги за образование на возрасни во согласност со Европските стандарди и трендови. Креирање околина за поддршка на јавното образование на возрасни во заедницата, под покровителство и во соработка со сите општествени актери, во согласност со потребните вештини на пазарот на трудот;
- Заживување на централната улога на овие институции како образовни центри за образование на возрасни и културни центри во локалната заедница.

## Цел. 6.Јакнење на истражувањето, експертизата и развојните проекти во областа на образование на возрасни

Развиените системи за образование и обука на возрасни се карактеризираат со јасно дефинирана законска регулатива, утврдени права и обврски за финансирање од страна на државата и локалните власти, воспоставена мрежа на институции за / провајдери на услуги за образование на возрасни, здруженија и фондации кои реализираат програми за образование и обука на возрасни, транспарентни практики на оценување на достигнувањата и силен и добро воспоставен систем за истражување и проектни интервенции во образованието на возрасните.

Постоењето и бројот на истражувачки и развојни проекти се показатели за степенот на развој на системот за образование и обука на возрасните во дадена земја. Во моментов, овој вид на активност се врши хаотично и без јасни стимулативни мерки во јавниот и приватниот сектор.

Истражувањето е концентрирано во универзитетите и се спроведува како дел од нивните тековни активности. Нивниот делокруг директно зависи од расположливите ресурси. За најголем дел, истражувањето се врши на поединечна или проектна основа.

Образованието за возрасни во Република Македонија се карактеризира, меѓу другото, со недостаток на професионална поддршка, односно вклучување на експерти чија специфична област на стручност е образованието на возрасните. Од оваа причина, во голем број случаи, дизајнот и имплементацијата на програмите за образование на возрасните не се разликуваат од програмите што се наменети за деца и начинот на реализација што е карактеристичен за основното образование.

Зголемување на бројот на специјалисти за образование на возрасни со соодветно високо образование овозможува нивно вклучување во системот на образование на возрасни. Ова ќе придонесе за повисок квалитет во образовната понуда и подобри резултати во работата со возрасни ученици. Нивната работа ќе им биде од голема корист на локалните власти во однос на откривање на образовните потреби, во планирањето, организирањето, спроведувањето и оценувањето на програмите за образование на возрасни.

*Активности:*

- Воведување на стимулативни мерки од страна на државата со цел зајакнување на истражувањето во областа на образованието и обуката на возрасните;
- Изработка на стратешки истражувачки и развојни проекти на национално и локално ниво.
- Развој на стандарди iкомпетенции за профилите:
  - Андрагог (истражувачи, планери, оценувачи и обучувачи на наставници и обучувачи/инструктори за возрасни); потребно е високо образование во областа на андрагогијата.
  - Наставници за образование на возрасни (за дадена област); потребно е високо образование за дадената област и андрагошка обука за работа со возрасни ученици.
  - Обучувач/инструктор за образование на возрасни (за дадена област); не е потребно високо образование; потребна е стручна експертиза во дадената област и андрагошка обука за работа со возрасни ученици.

[34]

- Модернизација на студиските програми на универзитетите за обука на експерти во областа на образованието за возрасни / андрагози.
- Спроведување на истражување за економските придобивки на општеството од долгорочни инвестиции во образование на возрасните.
-

## Цел. 7.Подобрување на партнерствата во областа на образование на возрасни

Воспоставените партнерства, во рамките и надвор од формалните и неформалните образовни системи за образование и обука, во денешно време се нераздвоен дел од секој успешен образовен систем во Европа и во светот. Постојат значителни можности за интензивирање на соработката меѓу чинителите и за искористување на нивните капацитети во остварувањето на заедничките цели. Слично на тоа, партнерствата нудат можности за успешно предвидување на идните образовни потреби и потребите од нови работни места, како и можности за подобра ориентација на провајдерите на образовни услуги кон вештините што им се потребни на претпријатијата и на националната и локалната економија.

Некои од поизразените слабости на образованието на возрасните во Република Македонија се недостатокот на координација на активностите и недостатокот на партнерски пристап во нивната реализација.

Советот за образование на возрасни првично беше предвиден како тело кое ќе ги спои интересите на различните засегнати страни во образованието на возрасните. Анализите покажуваат дека ова тело, иако има добро воспоставена организациска структура, нема моќ да ги врши своите должности. Присуството на членовите на Советот е преку делегирање, нивната работа не е платена и нивната одговорност не е јасно дефинирана. Така, ова тело кое треба да ги предводи иницијативите во образованието на возрасни на земјата во областа на планирање, координирање и дефинирање на насоките на идниот развој на образованието за возрасни е маргинализирано во случувањата во оваа област. Тоа не успеа во остварувањето на својата главна цел - да ги поврзе интересите на заинтересираните страни.

Со цел да се надмине оваа ситуација, треба да се редефинираат статусот и организацијата на работата на Советот за образование на возрасни.

*Активности:*

---

[34]За последните две позиции, барањето за завршена андрогошка обука се однесува на сертификат за завршена обука што гарантира совладување на потребните компетенции, а не само сертификат за посетување на обуки.

- Законски подобрувања за редефинирање на статусот на Советот за образование на возрасни;
- Редефинирање на организациската поставеност на Советот за образование на возрасни;
- Професионализација на членството на Советот за образование на возрасни;
- Воспоставување на функционална врска меѓу Советот за образование на возрасни и Советот за стручно образование и обука.

## Цел. 8.Следење и евалуација на образованието на возрасните

Не постои национален систем за прибирање податоци за образованието на возрасните во Република Македонија. Затоа, не само што е невозможно да се утврди реалниот број на возрасни лица кои учествуваат во некоја форма на образование, видот на образование, достигнувањата, ефикасноста и ефектите, туку исто така е невозможно да се постигне повисок степен на транспарентност на информациите за провајдерите кои нудат услуги на пазарот на образование. Како резултат на тоа информациите за можностите за учење што им се на располагање на младите и возрасните лица се многу ограничени.

Дополнителна пречка во оваа ситуација е недостатокот на одржлив систем за анализа на трендовите во однос на вештините, промените на пазарот на трудот и потребите за вештини на вработените или на работниците во сивата економија. Сите напори за прогнозирање се залудни.

Функционирањето на системот за образование и обука на возрасни и информациите и увидот во неговата ефикасност и резултатите е невозможно да се надгледуваат и да се следат без да се собираат статистички показатели. Потребата за статистичко следење на образованието на возрасните се протега и на формалното и на неформално учење и бара соодветни индикатори за институциите / провајдерите на образование на возрасни, понудата на програми за образование и обука, корисниците на услугите, наставниците, сертификацијата, начинот на оценување, трендовите на понуда и побарувачка на пазарот за образование и обука, итн. Овие податоци не само што ќе ја олеснат споредбата во достигнувањата на национално и на меѓународно ниво, туку исто така ќе придонесе за дизајнирање и преземање на мерки за развој за цели на подобрување на перформансите на системот за образование и обука на возрасните во земјата.

Ефикасно управување со промени може да се постигне преку воспоставување на транспарентни цели и активности, мониторинг и евалуација на резултатите, и воспоставувањето на јасни процедури за известување за достигнувањата и механизми за гарантирање на одговорност за исходите и резултатите.

Надворешната контрола на квалитетот е дефинирана преку улогата на Центарот за образование на возрасни и Државниот просветен инспекторат. Со спроведување на екстерно оценување, се извршува обврската за вршење надзор / контрола на квалитетот во институциите за образование на возрасни. За жал, некои од индикаторите за квалитет не се соодветни за специфичностите на образованието на возрасни, се премногу општи и не се во корелација со Европската рамка на квалитет за образование на возрасни.

Освен системот за контрола на квалитетот на образованието за возрасни, не постои систем за поддршка и/или систем за осигурување на квалитет, со што би се децентрализирало осигурувањето на квалитет преку активно учество на широка база на чинители во процесот на јакнење на квалитетот на образованието на возрасни.

_Активности:_

- Развивање на систем за следење во согласност со Европското истражување за образование на возрасните, со цел да се обезбеди Европска споредба[35];
- Развивање на методологија за статистичко следење;
- Дизајнирање на инструменти за статистичко следење;
- Воспоставување на дата бази за собирање и процесирање на прибраните податоци;
- Обука на професионалци одговорни за имплементација на оваа задача, како и за учество во прибирањето на податоци;
- Да се обезбеди потребната потреба и софтвер;
- Развој и имплементација на мерки за воспоставување на процедури, механизми, инструменти и практики за соработка за мониторинг, евалуација и подобрување на квалитетот во образованието на возрасни, со цел да се обезбеди конкурентност не само на индивидуално, туку и на генерално социо-економско ниво;
- Развој на инструменти и механизми за мониторинг и контрола на реализацијата на образованието и обуката;
- Развој на механизми и инструменти за оценување на провајдерите на образование на возрасни;
- Реализација на дидактичка обука за вработените на Центарот за образование на возрасни и инспекторите од ДПИ.

[35] http://ec.europa.eu/eurostat/web/microdata/adult-education-survey

## 5. Ефикасна и ефективна имплементација на Стратегијата и Акциониот план за образование на возрасни

Стратегијата за образование на возрасни е дел од севкупните напори на државата за јакнење на економијата и подобрување на квалитетот на социјалниот развој. Така, стратегијата треба да се гледа како составен дел од плановите за развој на државата во наредниот период и како една од бројните стратегии за привлекување на странска помош и донации. За тоа да се случи, всушност, неопходни се кохерентна меѓусекторска/меѓуагенциската соработка и договори за да се обезбеди нејзина имплементација, со поддршка на јакнењето на капацитетите на националните институции за образование на возрасни. Спроведувањето на стратегијата е сложен процес, што е одреден од многу фактори и што во голема мера зависи од професионализмот и компетентноста на оние кои се одговорни за спроведувањето на планираните цели и мерки. Нејзиното следење бара здружување на капацитетите.

## 6. Фази во имплементацијата на стратегијата

Спроведувањето на стратегијата за образование на возрасни ќе се врши во неколку фази:

### 7.1 Претставување и дисеминација на стратегијата за образование на возрасни

Оваа фаза вклучува развој на информативни и промотивни материјали (пароли, постери, флаери, видео презентации, посебни веб-страници, итн.) за да се овозможи транспарентност и навремена достапност на информации во врска со и/или содржани во Стратегијата за образование на возрасни. Целта е да се подигне свеста кај корисниците на образование на возрасни и кај пошироката јавност за важноста на очекуваните резултати и планираните мерки, како и да се мобилизираат и да се обезбеди нивната поддршка. Оваа активност ќе се реализира преку информативните сервиси на МОН / Владата на Република Македонија, со поддршка од Советот за образование на возрасните и Центарот за образование на возрасни.

Покрај тоа, ќе се одржат регионални состаноци и тркалезни маси со провајдери на образование на возрасни со учество на засегнатите страни, особено на бизнис секторот. Целта на овие состаноци е да се споделат визијата и целите на стратегијата за образование на возрасни со групите кои ќе ги реализираат активностите и мерките и ќе имаат корист од очекуваните резултати. Советот за образование на возрасните и Центарот за образование на возрасни ќе бидат одговорни за оваа активност.

## 7.2 Имплементација на стратегијата за образование на возрасни

Одговорни за оваа компонента се институциите/лицата со мандат да ги имплементираат тие цели/мерки.

## 7.3 Следење на имплементацијата на стратегијата за образование на возрасни

Советот за образование на возрасните е одговорен за следење на Стратегијата за образование на возрасни. Тоа е потребно за членовите на овој Совет да имаат на располагање време, вештини и системи што им се потребни за извршување на нивните задачи. Советот е задолжен за координација и следење на спроведувањето на Стратегијата за образование на возрасни, собирањето на повратни информации од теренот и одржување врски меѓу сите сектори, усогласување со соодветните секторски стратегии кои влијаат на системот за образование на возрасни или на кои влијае стратегија, преглед и ревизија на стратегијата (доколку е потребно) , и решавање на новопојавените пречки (ако има). Овој Совет, врз основа на целите и мерките предвидени во Стратегијата и операционализирани во Акциониот план ја делегира одговорноста за спроведувањето на активностите на соодветните институции и/или поединци. Врз основа на извештаите доставени од страна на назначените имплементатори и врз основа на резултатите од реализацијата на плановите за работа за секоја цел и/или мерка, донесува одлуки за завршување, продолжување, ревидирање или измена на интервенциите.

Советот може да покани претставници на клучните донатори и други релевантни меѓународни партнери на своите состаноци и дискусии.

Мониторингот се базира на преглед на редовните писмени и усни извештаи доставени од назначените имплементатори до Советот. Извештаите се доставуваат на квартална основа.

## 7.4 Среднорочна евалуација на имплементацијата на стратегијата за образование на возрасни

Евалуацијата која ќе ја спроведат независни експерти, ќе ги оцени резултатите од интервенциите на половина пат од периодот на имплементација. Се очекува, тоа да даде препораки за можни измени на Акциониот план, доколку се смета дека е потребно, за да се подобри квалитетот на интервенциите во втората половина од периодот на имплементација.

## 7.5 Евалуација на имплементацијата на стратегијата за образование на возрасни

Оценувањето ќе има за цел да ги оцени конечните резултати и исходи од интервенциите. Под водство на Советот, оценувањето ќе го спроведат независни експерти, со логистичка поддршка од Центарот за образование на возрасни.

Важно е да се осигури дека овој процес добро и ефикасно ги користи расположливите програми и средства од ЕУ во областа на образованието, како и во областа на вработувањето, истражувањето и претприемништвото.

# 7. Референци


- CEDEFOP (2012): Од образование до работа – Резултати на пазарот на трудот од стручното образование и обука, Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, 2012
- Cedefop (2012): Трендови во политиката за СОО во Европа 2010-12 – Напредок кон Bruges communiqué, Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, 2012

- COM(2008) 868, 16.12.2008. Заклучоци на Советот од 9.3.2009 и 7.6.2010 год. „Нови вештини за нови работни места: Акција сега“ Извештај на експертската група од февруари 2010 год.
- Комисија на Европските заедници (2001), Извештај од Комисијата: Конкретни идни цели на образовните системи, Брусел, 31.01.2001, COM(2001) 59 конечна верзија
- Комисија на Европските заедници, Брисел, 30.10.2000 Sec(2000) 1832 Работен документ на службите на Комисијата – Меморандум за доживотно учење
- Комисија на Европските заедници, Предлог за Препорака на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Европска референтна рамка за осигурување на квалитет во стручното образование и обука, Брисел, 9.4.2008
- Соопштение од Комисијата. Европскиот простор за доживотно учење да стане реалност, 21.11.2001, Генерален директорат за образование и култура и Генерален директорат за вработување и социјални прашања на Европската комисија, Comm (2001), 678 конечна верзија
- Заклучоци на Советот за „Стратешката рамка за европска соработка во образованието и обуката (2020)” (док. 9845/09)
- Известувања на Советот од институциите и телата на Европската унија – Заклучоци на Советот од 12 мај 2009 година за стратешката рамка за европска соработка во образованието и обуката (‘ЕТ 2020’), Службен весник на Европската унија, 2009/C 119/07
- Совет на Европа (2012). Препорака CM/Rec(2012)13 на Комитетот на министри до земјите- членки за осигурување на квалитетно образование. Препорака на Комитетот на министри. https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=2014671&Site=CM, пристапена на 20 февруари 2014 год.
- Декларација на Европските министри за стручно образование и обука и на Европската комисија, одржана во Копенхаген на 29 и 30 ноември 2002 година за унапредување на европската соработка во стручното образование и обука „Декларација од Копенхаген“, 2002
- ЕК (1997), Конвенцијата за признавање на квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион, Лисабон; Комисија на Европските заедници (2001), Извештај од Комисијата: Конкретни идни цели на образовните системи, Брусел, 31.01.2001, COM(2001) 59 конечна верзија
- Агенција за вработување на Република Македонија, Годишен извештај за 2015, Скопје, 2016
- АВРМ: Национален извештај од анализата на потребните вештини на пазарот на трудот во Република Македонија за 2011/2012
- Европска фондација за обука (2010): Колаборативна оценка на влијанието од реформираното четиригодишно СОО, Скопје
- Европска фондација за обука (2012): Предвидување на потребите од вештини и систем на квалификации, март 2012 год.
- ЕУ Извештај за индикаторите за квалитет на доживотното учење, Брисел, 2002

- Европска комисија – Соопштение за медиуми (2012): Пораст на образованието за претприемништво, Брисел, 13 април 2012 год.
- Европска комисија (2010): Агенда за нови вештини и работни места: ЕУ утврдува активности за зголемување на вработливоста и придвижување на реформите, Стразбур, 23 ноември 2010
- Европска комисија (2010): ЕВРОПА 2020- Стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст, Брисел, 3.3.2010, COM(2010) 2020 конечна верзија
- Европска комисија (2012): Мониторинг на образованието и обуката 2012, Повторно осмислување на образованието: инвестирање во вештини за подобри социоекономски резултати, Стразбур, XXX, SWD(2012) 373/2
- Европски совет, Лисабон, 2000
- Европска фондација за обука, Извештај од пазарот на трудот за Република Македонија, Скопје, 2005;
- Влада на Република Македонија и Министерство за образование и наука. *Закон за национална рамка на квалификации.* „Службен весник на Република Македонија" бр. 137 од 7 октомври 2013 год.
- Жозе Мануел Баросо, Извештај на Комисијата, Европа 2020 – Стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст, Брисел, 2010
- Закон за образование на возрасните (Службен весник на Република Македонија бр. 07 од јануари 2008 год.);
- Закон за измени и дополнувања на Законот за стручно образование и обука (Службен весник на Република Македонија бр. 117 од 18 09.2008 год.)
- Закон за просветен инспекторат (Службен весник на Република Македонија бр. 52 од 04.07.2005 год.)
- Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35 од 14.03.2008 год.)
- Закон за средно образование (Службен весник на Република Македонија број 52 од 2002 година)
- Закон за државен испитен центар (Службен весник на Република Македонија бр. 142 од 10.11.2008 год.);
- Закон за биро за развој на образование (Службен весник на Република Македонија бр. 37 од 28.03. 2006 год.);
- Министерство за образование и наука (2005), Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015
- Мојсоска-Блажевски, Н., Костадинов, А., Greg, K., von Uekskul, E. (2012): Политики за вештини во насока на економска диверзификација во Поранешна Југословенска Република Македонија, Меѓународна организација на трудот; Тим за техничка поддршка за пристојна работа и Канцеларија за Централна и Источна Европа. - Скопје: МОТ, 2012, стр. 12
- Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД): Студии на центарот за развој: Дали информалното е нормално?: Стремејќи се кон повеќе и подобри работни места во земјите во развој;
- Службен весник на Европската унија, (2006), Препораки на Европскиот парламент и на Советот за Клучни компетенции за доживотно учење.

- Препораки на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на европска референтна рамка за осигурување на квалитетот на стручното образование и обука, 18 јуни 2009 година
- Образец за извештаите за напредок на земјите-членки за Глобалниот извештај за образование и учење на возрасните (GRALE III) (914696)
- Државен завод за статистика (2002): Попис 2002 година
- Државен завод за статистика, Годишен извештај, Скопје 2004/05/06/07;
- Државен завод за статистика, Преглед на пазарот на трудот, Скопје 2004/06;
- Државен завод за статистика, Процени на населението според полот и возраста, по општини и по статистички региони (НТЕС3-2007 година), 30.06.2014 и 31.12.2014 година
- Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија, Поглавје 6: Образование, 2016 година
- Државен завод за статистика: Анкета за работна сила 2015 година, Статистички преглед: Население и социјални статистики, Скопје, мај 2016 година
- Државен завод за статистика: Анкета за работна сила 2015 година, Статистички преглед од 2015 година, 2.4.16.02 /843
- Државен завод за статистика: Анкета за работна сила 2015 година, Статистички преглед: Население и социјални статистики, Скопје, мај 2016 година
- Државен завод за статистика: Анкета за работна сила, Статистички преглед од 2015 година, 2.4.16.02 /843
- Конференциски одбор, Корпоративни гласови за работните семејства, Партнерство за вештини во 21 век, и Здружение за управување со човечки ресурси (2006 година): Дали се навистина подготвени за работа? Перспективи на работодавачите за основните знаења и применетите вештини на новите учесници во работата сила на САД во 21 век, ISBN No. 0-8237-0888-8
- Совет на Европската унија (2009): Известувања од институциите и телата на Европската унија – Заклучоци на Советот од 12 мај 2009 година за стратешката рамка за европска соработка во образованието и обуката (‘ЕО 2020’), Службен весник на Европската унија, (2009/C 119/02),
- Декада за образованието за одржливиот развој на ОН, Одлука на 65-то Генерално собрание на германската комисија за УНЕСКО(ДУК), Бон, 7 јули 2005 година
- УНДП (2000), милениумските развојни цели (МРЦ) – Милениумска декларација на Обединетите нации, Милениумски самит во Њујорк, 6-8 септември
- УНДП (2005): Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели;
- УНЕСКО и УИЛ (2012). Насоки на УНЕСКО за признавање, потврдување и акредитирање на резултатите од неформалното и информалното учење. Хамбург: Институт за доживотно учење на УНЕСКО

- УНЕСКО и УИЛ (2012). Конфинтеа VI. Белемска рамка за акција. Жнеење на моќта и потенцијалите на учењето и образованието на возрасните образованието за остварлива иднина. Хамбург: Институт за доживотно учење на УНЕСКО.
- УНЕСКО и УИЛ (2010а) Конфинтеа VI - 6-та Меѓународна конференција за образование на возрасни. Живеење и учење за остварлива иднина: моќта на учењето на возрасните. Белем до Пара, Бразил 1-4 декември 2009 година. Конечен извештај. Хамбург: Институт за доживотно учење на УНЕСКО.
- УНЕСКО (1990): Светска конференција за образование за сите – исполнување на основните потреби за учење, Јомтиен, Тајланд, 5-9 март
- УНЕСКО (2012): Трансформација на техничкото и стручното образование и обука, Градење вештини за работа и живот, Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура, Париз
- УНЕСКО. (1997). Конфинтеа. Образование на возрасните. Декларација од Хамбург. Агенда за иднината, Петта меѓународна Конференција за образование на возрасните 14-18 јули 1997. Хамбург: УНЕСКО Институт за образование.
- УНЕСКО. (2000). Дакарска рамка за акција. Образование за сите: Исполнување на нашите колективни обврски, усвоена на Светскиот образовен форум, Дакар, Сенегал, 26-28 април 2000, вклучувајќи и рамки за акција од шест региони. Париз: УНЕСКО.